# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА 2016-2018 ГОДИНА

## СУГС ,,Владо Тасевски,, Скопје



Скопје 2018

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно училиште на Град Скопје „Владо Тасевски“ |
| **Место** | Скопје |
| **Адреса** | 3та Македонска бригада бб, Скопје - Општина Аеродром |
| **Истурени паралелки** | во СУГС „8 Септември“- Скопје<br>Бул. “Александар Македонски” број 24, општина Гази Баба |
| **Телефон** | +389 2 2 400 040<br>+389 2 3 172 338 |
| **Факс** | +389 2 2 400 040 |
| **E-mail** | sugsvladotasevski@gmail.com |
| **Web страна** | www.sugsvladotasevski.edu.mk |
| **Вид на училиште** | Средно стручно училиште |
| **Струки** | Електротехничка, Машинска,Сообраќајна |
| **Наставни јазици** | Македонски наставен јазик<br>Албански наставен јазик |
| **Паралелки** | 53 од кои 15 на Албански наставен јазик |
| **Површина на објект** | 4580 м2 |
| **Дворна површина** | 8000 м2 |
| **Директор** | М-р Билјана Глигорова |
| **Зам.пом. директор** | Виолета Николовска и Павле Топузовски |

# Вовед

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- Колку е добро нашето училиште?
- Како го знаеме тоа?
- Што може да направиме да бидеме подобри?

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

## Цели на самоевалуацијата:

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми и истиот е составен од следните елементи:

***ФОРМИРАЊЕ ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА***
↓
***ПРИМЕНА НА СООДВЕТНИ ИНДИКАТОРИ, МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ***
↓
***СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА УЧИЛИШТЕТО***
↓
***АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА***
↓
***ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА***
↓
***ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШЕН РАЗВОЕН ПЛАН***

# ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Училишната тим- комисија која ја организираше и ја спроведе самоевалуацијата на училиштето за периодот 2017-2018 година беше во следниот состав:

- Ризоски Диме- професор по стручни предмети од сообраќајна струка ( координатор на самоевалуацијата )

**Подрачје бр. 1: Наставни планови и програми**

- Љубица Маркудова -професор по стручни предмети од електротехничка струка
- Катерина Стојческа -професор по стручни предмети од сообраќајна струка
- Арбен Мемети – професор по албански јазик

**Подрачје бр. 2: Постигања на учениците**

- Маргарита Алчевска – професор по англиски јазик
- Дејан Андоновски – професор по стручни предмети од електротехничка струка
- Ардијана Исени – професор по Историја

**Подрачје бр. 3: Учење и настава**

- Анѓела Јошеска – професор по стручни предмети од сообраќајна струка
- Соња Јовчевска – професор по англиски јазик
- Берат Абази – професор по спорт

**Подрачје бр. 4: Поддршка на учениците**

- Мартина Трајковска - дефектолог
- Александар Каракачанов – професор по стручни предмети од сообраќајна струка
- Газменд Красничи - професор по стручни предмети од сообраќајна струка

**Подрачје бр. 5: Училишна клима и односи во училиштето**

- Зоран Ефремов – социолог
- Анета Михајловска - професор по физика
- Музафер Алими - професор по стручни предмети од сообраќајна струка

**Подрачје бр. 6: Ресурси**

- Катица Кузмановска - професор по англиски јазик
- Силвија Мироновска - професор по стручни предмети од машинска струка
- Исмаил Амети – професор по математика

**Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика**

- Елисавета Ангеловска - професор по стручни предмети од електротехничка струка
- Матрин Павлов - професор по стручни предмети од сообраќајна струка
- Сеат Смајли – професор по стручни предмети од електротехничка струка

## 1. ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Во рамките на подрачјето **Наставни планови и програми**преку анализа и проценка на следните индикатори и теми дојдовме до следните сознанија:

| Подрачје бр. 1: Наставни планови и програми | | |
|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | - Применувани наставни планови и програми<br>- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>- Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>- Избор на наставни предмети<br>- Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>- Реализација на проширени програми |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | - Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | - Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>- Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

| Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми | |
|---|---|
| **Теми** | - Применувани наставни планови и програми<br>- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>- Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>- Избор на наставни предмети<br>- Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>- Реализација на проширени програми |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишни планови и програми од БРО при МОН<br>- Глобални годишнипланирања<br>- Тематскипланирања<br>- Дневникзаработа поденовиипредмети<br>- Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)<br>- Државен испитен центар (ДИЦ)<br>- Анкети направени на ученици, родители, наставници. | На почетокот од учебната година сите наставници треба да ги предат своите глобални и тематски планирања во педагошката служба при што архивски се заверуваат со деловоден број.<br><br>Во дневниот ред за првата родителска средба секогаш е застапена точката запознавање на родителите со наставните планови и програми.Родителите може да се информираат по ова прашање и на веб страната на нашето училиште.<br><br>За секој ученик со посебни потреби наставниците изработуваат посебни наставни програми и за нивната реализизација редовно ја информираат и се консултираат со Мартина Трајковска, дефектолог во стручната служба на училиштето.<br><br>Во текот на април месец стручната служба врши анкетирање на учениците од втора година за избор на два наставни предмнети. Во анкетниот лист се наведени сите изборни предмети предвидени со наставниот план за секоја струка посебно.<br><br>Во согласност со определбата на учениците се реализирани следните слободни часови/проектни активности: природни науки (Инфразвукот и човековото здравје), општествени науки (литература,драматургија, историја и стручна литература, англиски јазик, литературни клубови, урбана култура), кариерен развој (подготовка за вработување, учење на работно место), менаџмент и бизнис ( претприемништво) |

Учениците имаат поделено мислење околу информираноста на родителите и учениците за наставните планови и програми и приспособувањето на наставните програми на децата со посебни образовни потреби. По овие две прашања анкетата даде резултат 50% потврдни одговори и 50% негативни одговори.

58% од учениците сметаат дека при изборот на наставните предмети пресудна била нивната желба, а 44% од учениците се незадоволни од постапката преку која се врши изборот на предмети.

За разлика од учениците кои се изјаснија негативно по поголем дел од прашањата, кај родителите има спротивна состојба.

84% од анкетираните родители се запознаени со наставните планови и програми, 76% сметаат дека наставните планови и програми целосно се реализираат, но 54% бараат промена и осовременување на истите.

58% од анкетираните родители се изјасниле позитивно за полезноста на изборните предмети, 58% за реализацијата на додатната настава и 61% за дополнителната настава

60% сметат дека во училиштето постојат активности за запознавање со културата и традицијата на другите етнички заедници, 75% дека наставниците подеднакво им омагаат на учениците без оглед на етничката припадост

95% од анкетираните наставници сметаат дека наставните планови и програми се во согласност со пропишаните документи на МОН, 74% се навремено информирани за промените на истите и 55% сметаат дека училиштето бара промени на наставните програми во согласност со мислењето на родителите и наставниците.

| **Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми** | |
|---|---|
| **Теми** | -Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>-Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>-Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>-Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишнипланов иипрограми одБРОприМОН<br>- Глобалнигодиш нипланирања<br>- Тематскипланир ања<br>- Дневниксзаработ аподеновиипред мети<br>- Центар за стручно образование и обука(ЦСОО)<br>- Државен испитен центар (ДИЦ)<br>- Национална програма за развој на образованието до 2016 година | Проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ во организација на УСАИД, а поддржан од МОН и ЦССО успешно се реализира вонашето училиште,. Ученици од прва, втора, трета и четврта година од нашето училиште, од паралелките намакедонски и албански наставен јазик, со менторите и поддршката од родителите,педагогот Александра Цветаноска, и наставниците Снежана Божиновска, Џихане Еминови Сенад Сулејмани реализираа низа заеднички активности со цел, подобрување на меѓуетничките односи.<br><br>Дел од практичната настава се рализира во претпријатијата: Македонски железници,Ранжирна станица Трубарево, Фершпед, Царинска управа на Р.Македонија, Раде Кончар,Македонска радио телевизија, Титан-Цементарница Усје, ДЕНИ – Интернационал - Скопје, Макстил и др. За таа цел се врши прилагодување на наставните програми по овие предмети.<br><br>Неколку наставници по стручни предмети учествуваат во креирањето на модуларно дизајнираните наставни програми за сообраќајна и машинска струка. Во врска со новите наставни планови наставниците на се доволно информирани иако значително ќе се промени фондот на часови за одредени предмети. |

| | |
|---|---|
| - Анкети направени на ученици, родители, наставници | Негативна тенденција постои и во поглед на осовременување на наставата. 53% од учениците сметаат дека наставниците не користат современи приоди, 61% дека не се користи ИКТ во наставата, а 53% се изјасниле дека ИКТ не им помага во совладувадењто на наставниот материјал.<br>67% од анкетираните ученици сметаат дека не се реализираат проширени наставни програми, а 59% дека нема вонаставни активности во училиштето.<br>57% од родителите мислат дека постојат прилагодени наставни програми за учениците со посебни потреби.<br>66% се согласуваат дека ИКТ во наставата им помага на учениците<br>55% се изјасниле дека училиштето прави анализа на наставните програми од аспект на етничка рамноправност. Дури 92% сметаат дека се применуваат прлагодени наставни прорами за децата со специјални потреби. |

| **Индикатор 1.3. Вонnаставни активности** | |
|---|---|
| **Теми** | - Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>- Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| **Извори на податоци** | |
| - Дневници за работа<br>- Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Дипломи, награди, пофалници | Воннаставните активности се реализираат според програмите што ги предложијастручните активи во училиштето, кои се составен дел на Годишната програма. Нашите ученици зедоа активно учество во повеќе општествено корисни работи: Денот на дрвото, хуманитарни акции организирани од страна на Црвениот крст, крводарителски акции, предавања за превенција од хив-сида и заштита од болести на зависност. |

| | |
|---|---|
| - Напрвени анкети на ученици | Посебно значење за афирмација на нашето училиште се натпреварите. Нашите ученици учествува на следниве натпревари: лидер на струка, државниот натпревар на електотехничките, машинските и сообраќајните училишта, натпревари по географија, есејски натпревари, музички смотри, спортски државни натпревари по пинг понг, голем фудбал, одбојка, кошарка, ракомет, атлетика.<br><br>Половина од учениците, 50% сметаат дека се вклучени во вонаставните активности по сопствен избор, 61% дека при изборот на воннаставните активности постои нерамноправност во поглед на родовата, етничката и социјалана припадност, а дури 75% дека не учествуваат во изготвувањето на програмите за воннаставни пррограми.<br><br>58% од родителите сметаат дека нивните деца се вклучени во воннаставна активност, 57% се задоволни од учеството на натпревари и 66% дека училиштето обезбедува просторни и организациски услови за реализација на слободните ученички активности.<br><br>74% наставници позитивно се изјаснија за организацијата на воннаставните активности, 65% за вклученоста на учениците во воннаставните активности без оглед на нивнат родова, социјална и етничка припадности и 83 % за слободниот избор на воннаставани активности на учениците.<br><br>74% од анкетираните наставници се изјасниле дека постои организирана посета на саеми, музеи и театр, а 70% дека дел од практичната настава се реализира во работни организации.<br><br>Само 49% применуваат ИКТ во наставата. |

| Резултати | |
|---|---|
| **Јаки страни** | - Наставните планови и програми се реализираат согласно пропишаните документи на МОН<br>- Секоја учебна година за време на првата родителска средба родителите се запознаваат со наставниот план и програми. Со наставните планови и програми можат да се запознаат и преку веб страната на нашето училиште<br>- Постојат воннаставни активности кои овозможуваат запознавање на учениците со културата и традицијата на другите етнички заедници<br>- Наставниците имаат ист пристап  кон учениците и родителите без оглед на нивната социјална, родова или етничка припадност<br>- Училиштето активно учествува на локални и државни натпревари и постигнува солидни резултати<br>- Училиштето соработува со работни организации и локалната средина, реализира посети и изведува  часови по практична настава |
| **Слаби страни** | - Ограничена примена на ИКТ во наставата поради недостаток на техничи средства<br>- Дел од планираните воннаставни активности не се реализираат како што се програмите за секции од сообраќајната, електротехничката и машинската струка.<br>- Недоволна опфатеност на учениците во планирањето и реализацијата на воннаставните активности<br>- Наставниците и родителите не се доволно вклучени во креирањето на новите наставни планови и програми<br>- Не се реализираат проширени наставни програми |

## 2. ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА *НА УЧЕНИЦИТЕ*

Подрачјето ***Постигања на учениците*** извршено преку анализа и проценка на следните индикатори и теми кои се однесуваат на одредена активност која се спроведува во училиштето:

| Подрачје бр. 2: Постигања на учениците | | |
|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **2.1** | **Постигања на учениците** | - Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>- Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>- Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование<br>- Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| **2.2** | **Задржување/ осипување на учениците** | - Опфат на учениците<br>- Редовност во наставата<br>- Осипување на учениците<br>- Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3** | **Повторување на учениците** | - Ученици кои не ја завршуваат годината |

| **Индикатор 2.1. Постигања на учениците** | |
|---|---|
| **Теми** | - Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>- Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>- Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование<br>- Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| **Извори на податоци** | |
| - Дневници на паралелките<br>- Статистички извештаи, изработени од стручната служба на училиштето<br>- Годишен извештај за работата на училиштето<br>- Записници од советите на паралелките и наставничките совети<br>- Програми за работа на училиштето<br>- Извештаи на училиштето<br>- Анализи на опфатот, осипувањето и изостанувањето од | 2..1.1**Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br><br>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, испитаниците посочуваат дека училиштето ги следи постигнувањата на учениците.<br><br>2.1.2 - **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**<br><br>Целокупната работа на училиштето како и крајната цел се високи постигнувања на учениците, кои се темелат пред се на индивидуализацијата на наставата, при што повратната информација од наставникот треба да биде мотивирачка, педагошката функција да го поткрепува животниот оптимизам, да го подигнува нивото на очекувања и да насочува кон поголема активност што води кон позитивен развој на личноста. Исто така креирањето на училишна политика, вреднувањето и оценувањето во наставниот процес, пред се се насочени кон подобрување на постигнувањата на учениците во целина преку: поттикнивање и пофалба, со понатамошни сугестии совети или навестувања за тоа како може ученикот да биде поуспешен, со дијагноза (како да се отстранат одредени недостатоци) и со индивидуално поставување на цели, при што се земаат предвид способностите и вештините на секој ученик.<br>За подобрување на постигнувањата на учениците во голема мерка влијаат следните фактори: модернизација на дидактичко-техничките и педагошките основи во училиштето; мултимедијален пристап во реализирањето на |

| | |
|---|---|
| наставата<br>- Разговор со стручна служба и наставници<br>- Увид во педагошката евиденција и документација<br>- Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ)<br>- Записници од средби со родители и локална самоуправа<br>- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.).<br><br>**2.1 Постигнување на учениците**<br><br>**Анкетни листови за наставници**<br><br>**Анкетни листови за ученици**<br><br>**Анкетни листови за родители** | наставата, кадровска оспособеност и екипираност за тимска работа; усвојување на менторски принцип на работа; флексибилност во времето на реализација на воннаставните активности; истражувачки пристап во решавање на задачите и проблемите.<br>Навременото и континуирано оценување на учениците и активната соработка со родителите и нивното навремено информирање, се форми за подобрување на постигнувањата на учениците.<br>Евидентираните податоци за постигнувањата и успехот на учениците, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, за секој класификационен период или по потреба. Родителите врз основа на потребите и можностите преземаат активности за подобрување на напредокот на своите деца.<br>Постојаната и севкупна евиденција за успехот на учениците, ја водат раководителите на паралелки, а на советите на паралелки изложуваат сознанија и статистички податоци за успехот на учениците од својата паралека, истакнуваат проблеми во врска со постигнувањата на некои ученици доколку постојат или истакнуваат ученици кои побрзо напредуваат и постигнуваат надпросечни резултати.<br>Во контекст на тоа, во континуитет, се следи напредокот на учениците, а подлабоки анализи се прават на класификационите периоди, при што се донесуваат предлог мерки на секој наставнички совет за подобрување на постигнувањата на учениците.<br><br>**2.1.3.Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надаренитеученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br><br>Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба да го доработува и развива својот систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност, а во однос на стратегијата за идентификација на надарените ученици и организирањето на додатната настава потребно е вложување на дополнителни напори за поквалитетна изведба.<br>Напредокот и постигањата на учениците кои имаат тешкотии во учењето го следи класниот раководител, кој таквите ученици и нивните родители ги информира за состобата со оцените и поведението на ученикот. За состојбата на учениците го информира класниот совет и психолошко-педагошката служба, која со постојани (континуирани) разговори, изготвување на план за учење за поправање на оценките во договор со родителите, го поттикнува ученикот за подобрување на успехот. Исто така се применува законската одредба за групно советување на родители чии ученци имаат три или повеќе слаби оцени, а кое го реализира педагошко-психолошката служба, исто така се применува групното советување на ученици. |

**2.1.4 Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**

За учениците кои имаат послаби резултати во учењето или имаат потешкотии во совладувањето на задолжителните предмети :
-се организира дополнителна настава во текот на учебната година;
-продолжителна настава доколку учениците на крајот од учебната година имаат слаби оценки;
Предметните наставници, за реализирање на дополнителната настава изготвуваат редуцирана наставна програма, адаптирана на потребите на учениците заради кои се реализира наставата.
**Организирање и реализирање на додатна настава за талентирани ученици**
Додатната настава се организира и реализира за учениците кои имаат потреба од проширување и продлабочување на знаењата по поедини наставни предмети, дисциплини и области.
Во неа се вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и покажуваат надареност и талентираност за одделни наставни предмети и подрачја.
Во додатната настава доминира истражувачкиот пристап во решавање на задачите и проблемите, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците и експериментирање, подготовки за натпревари на општинско, државно.
Во текот на годината се реализира и додатна настава со учениците од четврта година со цел успешно да ги совладаат содржините за интерните и екстерните испити од матурата како и во подготовката на проектните задачи.

**2.1.5. Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование.**
Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето треба да ја подобрува својата стратегија за реализација на поставената задача.

**Добиени информации**
1.Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди
Наставници- 75% се согласувам
Родители – 64% се согласувам
Ученици – 70% се согласувам
2. Училиштето промовира дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат

Наставници – 65% се согласувам
Родители – 81% се согласувам
Ученици – 84% се согласувам

| | |
|---|---|
| | 3. Наставата, задачите и активностите се прилагодени според индивидуалните потреби на учениците и секој ученик различно се стимулира според неговите способности и афинитети<br>Наставници – 49% се согласувам<br>Ученици – 37% делумно се согласувам<br>Родители – 68%<br>4. Училиштето има систем за идентификација на ученици кои имаат тешкотии во учењето или се ученици со посебни образовни потреби<br>Наставници – 76% се согласувам<br>Ученици – 30% не се согласувам<br>Родители – 68% се согласувам<br>5. Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.<br>Наставници – 58% делумно се согласувам<br>Ученици – 44% не се согласувам<br>Родители – 62% се согласувам<br>6. Училиштето во текот на целата учебна година, по сите предмети, реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето или се ученици со посебни образовни потреби.<br>Наставници – 61% се согласувам<br>Ученици – 55% се согласувам<br>Родители – 75% се согласувам<br>7. Родителите се потикнуваат на соработка со наставниците заради следење на напредувањето на своето дете<br>Наставници – 69%<br>Родители – 73%<br>8. Со учениците се разговара за нивните постигнувања<br>Ученици – 45%<br>9. Наставниците ги информираат учениците за своите постигнувања<br>Ученици – 48%<br>10. Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, како и по завршувањето на основното и средното образование.<br>Наставници – 42% се согласувам<br>Ученици – 40% делумно се согласувам<br>Родители – 69% се согласувам<br>11. Учениците со посебни потреби имаат поддршка за редовно следење на наставата во училиштето<br>Наставници – 84% се согласувам<br>Ученици – 61% се согласувам<br>Родители – 75% |

| **Индикатор 2.2. Задржување/ осипување на учениците** | |
|---|---|
| **Теми** | - Опфат на учениците<br>- Редовност во наставата<br>- Осипување на учениците<br>- Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **Извори на податоци** | |
| - Дневници на паралелките<br>- Статистички извештаи, изработени од стручната служба на училиштето<br>- Годишен извештај за работата на училиштето<br>- Записници од советите на паралелките и наставничките совети<br>- Програми за работа на училиштето<br>- Извештаи на училиштето<br>- Анализи на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата<br>- Разговор со стручна служба и наставници<br>- Увид во педагошката евиденција и документација<br>- Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ)<br>- Записници од средби со родители и локална самоуправа<br>- -Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.) | **2.2.1 Опфат на учениците**<br><br>Училиштето има комуникација со локаланата заедница по прашањето и постои простор за уште поголема соработка.<br><br>**2.2.2 Редовност во наставата**<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, но, не според пол, етничка припадност и социјално потекло, презема активности за подобрување на редовноста, но, сепак, треба да ја преиспита својата стратегија за подобрување на редовноста на учениците.<br><br>Изостанувањето на учениците е еден од проблемите со кои на подолг рок се среќава училиштето. Бидејќи се работи за голем број изостаноци, ова е еден од приоритетиена кои ќе се работи и во иднина. Од учебната 2016 се воведе процедура за сите ученици кои ќе направат вкупно 70 изостаноци родителите да го носат оправдувањето за изостанувањата на учениците кај помошниците директори се со цел да се намали бројот на изостанувањата и нивната злоупотреба. Доколку учениците од различни причини се подолготрајно отсутни (најчесто здравствени причини) се обавува разговор со педагошко-психолошката служба и се приложува медицинска документација.<br>**2.2.3 Осипување на учениците**<br>Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности за намалување на појавата.<br>2.2.4 **Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>Училиштето успешно ја реализира задачата при премин на учениците од едно во друго училиште.<br><br>**Добиени информации**<br>**1.** Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието од страна на ученици и во соработка со родителите и локалната заедница презема конкретни активности за да го намали напуштањето на образованието.<br>Наставници – 65% се согласувам<br>Ученици – 49% се согласувам<br>Родители – 74% се согласувам |

| | |
|---|---|
| - Анкетни листови за наставници<br>- Анкетни листови за ученици<br>- Анкетни листови за родители | 2. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста.<br>Наставници – 63% се согласувам<br>Ученици – 59% се согласувам<br>Родители – 84% |

| **Индикатор 2.3. Повторување на учениците** | |
|---|---|
| **Теми** | - Ученици кои не ја завршуваат годината |
| **Извори на податоци** | |
| - Дневници на паралелките<br>- Статистички извештаи<br>- Записници од совети на паралелки<br>- Закон за средно образование<br>- Интерни училишни акти<br>- Анализа за успехот на учениците во последните две години<br>- Увид во педагошката евиденција и документација<br>- Разговор (анкети) со ученици, родители и стручната служба<br><br>- Анкетни листови за наставници<br>- Анкетни листови за ученици<br>- Анкетни листови за ученици | 2.3.1 Ученици кои не ја завршиле годината<br>Бројот на ученици кои не завршиле во претходната учебната година , во учебната 2016/2017 е помал. Училиштето презема мерки за напредување на учениците но ги запознава родителите со активностите кои ги презема. Во училиштето се прават напори за надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето.<br><br>Во училиштето постојат процедури за поднесување на приговор од страна на ученик кој ја повторува годината. Поднесените приговори во рок од три дена од утврдувањето на успехот на ученикот се доставуваат на разгледување до наставничкиот совет кој по нив одлучува врз основа на Статутот на училиштето и Законот за средно образование.<br><br>**Добиени информации**<br><br>1. Училиштето ги идентификува и анализира причините за повторувањето на ученици во учебната година.<br>Наставници – 65%<br>Ученици – 49%<br>Родители – 74%<br><br>2. Училиштето превзема навремени мерки за намалување на бројот на учениците кои ја повторуваат годината<br>Наставници – 71%<br>Ученици – 51%<br>Родители – 77% |

| | |
|---|---|
| | 3. Училиштето ги запознава учениците и родителите со активностите кои се превземаат и правото за поднесување на приговор при повторување на учебната годината.<br>Наставници – 77%<br>Ученици – 41%<br>Родители – 76% |

| Резултати | |
|---|---|
| **Јаки страни** | - Учениците се стимулираат за подобрување на успехот, што е заеднички став на наставниците и народителите<br><br>- Учениците се стимулираат за учество во воннаставни активности,учествонанатпревари<br><br>- Грижа на наставниот кадар за учениците |
| **Слаби страни** | - Незаинтересираност на ученици за посета на дополнителната настава<br>- Бројот на оние кои ја повторуваат годината во последните две години е приближно ист, а успехот и стекнатото знаење во повторената година не е подобар<br>- Голем број на останување на учениците во училиштево од различни причини<br>- Голем број на изостанувања иако е со тенденција на намалување на истите |

## 3.ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Во рамките на подрачјето ***Учење и настава*** вреднување на актуелната состојба беше извршено преку анализа и проценка на следните индикатори и теми кои се однесуваат на одредена активност која се спроведува во училиштето:

| **Подрачје бр. 3: Учење и настава** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор за квалитет** | | **Теми** |
| **3.1** | **Планирања на наставниците** | -Поддршка и следење на планирањата нанаставниците<br>- Индивидуални планирања на наставниците<br>- Размена на искуства и информации при планирањето |
| **3.2** | **Наставен процес** | -Наставни форми и методи<br>- Употреба на ИКТ во наставата<br>- Избор на задачи, активности и ресурси<br>- Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>- Приодот на наставникот кон учениците<br>- Следење на наставниот процес |
| **3.3** | **Искуства на учениците од учењето** | - Средина за учење<br>- Атмосфера за учење<br>- Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>- Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | **Задоволување на потребите на учениците** | - Идентификување на образовните потреби на учениците<br>- Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | **Оценувањето, како дел од наставата** | - Училишна политика за оценување<br>- Методи и форми на оценување<br>- Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | **Известување за напредокот на учениците** | - Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **Индикатор 3.1. Планирања на наставниците** | |
|---|---|
| **Теми** | - Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>- Индивидуални планирања на наставниците<br>- Размена на искуства и информации при планирањето |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишни глобални планови<br>- Тематски планирања<br>- Дневни подготовки<br>- Разговор со педагог и психолог<br>- Анкетен прашалник за наставници | Наставниците во училиштето изготвуваат годишни и тематски планирања кои што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на наставните содржини.<br>Наставниците изготвуваат и индивидуални образовни планови за ученици со посебни потреби во соработка со педагошката служба. На ова јасно укажуваат и резултатите од анкетираните наставници кои во однос на тврдењето: Наставните планирања ги надополнувам во зависност од можностите и потребите на учениците, се изјасниле на следниот начин : неточно - 2,9% делумно точно - 20,5%, сосема точно - 73,5%. Тоа го потврдуваат и резултатите од анкетираните родители кои во однос на тврдењето: Начинот на кој им се предава материјалот на учениците, според нивните укажувања, е јасен и разбирлив за сите ученици: неточно - 7,4%, делумно точно - 44,7%, сосема точно - 47,9%.<br><br>Планирањата на наставниците ги содржат сите потребни елементи: цели, очекувани исходи, активности, домашни задачи , форми и техники кои ќе се применуваат, начин на оценување, наставни средства и помагала и други потребни елементи. Редовно во текот на целата година планирањата на наставниците ги следат директорот, членовите на раководниот тим и стручната служба.<br><br>Своите наставни планирања, наставниците ги планираат во рамките на стручните активи, а притоа разменуваат искуства и идеи за планирањето. Земајќи ги предвид потребите на учениците, наставниците постојано ги осовременуваат и надополнуваат годишните и тематските наставни планирања, како и дневните планирања. Како дел од осовременувањето на наставните планирања наставниците користат ИКТ во годишните и тематските планирања. Во однос на тврдењето од анкетата за наставници: Редовно употребувам ИКТ во наставата за полесно совладување на наставната содржина анкетираните се изјасниле на следниов начин: неточно - 16,2%, делумно точно - 47,0%, целосно точно - 33,8%. |

| Индикатор 3.2. Наставен процес | |
|---|---|
| **Теми** | - Наставни форми и методи<br>- Употреба на ИКТ во наставата<br>- Избор на задачи, активности и ресурси<br>- Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>- Приодот на наставникот кон учениците<br>- Следење на наставниот процес |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишни, тематски и дневни планирања<br>- Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br>- Анкетен прашалник за наставници<br>- Анкетен прашалник за ученици<br>- Анкетен прашалник за родители<br>- Сертификати на наставници од реализирани обуки и семинари<br>- Интерни белешки на наставниците | Од увиденото можеме да заклучиме дека наставниците во наставниот процес користат различни методи и форми на работа во зависност од наставната содржина. Наставниците исто така користат разновидни наставни техники како на пример грозд-метод,буранаидеи,PowerPointпрезентации и слично. Наставниците постојано се трудат да бидат во тек со сите современи методи и форми на работа. Во однос на тврдењето : Постојано се надградувате со цел осовременување на наставниот процес, анкетираните наставници се изјасниле на следниов начин: неточно – 4,4%, делумно точно - 38,2%, сосема точно - 57,3%.<br><br>Освен тоа, резултатите од анкетата покажуваат дека наставниците внимателно ги следат потребите на учениците и водат сметка секој ученик да добие соодветен третман при совладување на наставните содржини, а наставните содржини што не се совладани од страна на учениците повторно се обработуваат. Во однос на ова, на исказот: Според способноста и потребата на ученикот му помагате полесно да го совлада материјалот за учење,анкетираните наставници се изјасниле на следниот начин: неточно – 0%, делумно точно - 10,3%, сосема точно - 89,7%. На исказот, пак, Наставните содржини кои не се доволно совладани повторно се обработуваат, наставниците се изјасниле на следниот начин: неточно – 2,9%, делумно точно - 45,7%, сосема точно: 51,4%. |

| | |
|---|---|
| - Дневници на паралелеките<br><br>- Записници од посета на часови<br><br>- Извештаи од Комисијата за следење на наставата | Поголемиот дел од учениците наставната материја ја совладуваат на наставниот час, а знаењата кои што учениците ги добиваат на училиште се применливи и во пракса. Во однос на ова, на исказот: Секогаш кога внимавам на час, дома за пократко време го совладувам тој материјал, учениците се изјасниле на следниов начин: неточно – 4,4%, делумно точно - 23,4%, сосема точно: 71,9%.<br><br>Наставниците во своите тематски планирања имаат план за реализација на дел од наставните содржини со користење на ИКТ во наставата, но се чуствува недостаток на доволно опремени училници со компјутерска опрема иако целата опрема со која располага училштето е ставена во функција. Примената на ИКТ во наставата редовно се планира и се следи во училиштето.<br><br>За време на наставниот процес наставниците користат различни ресурси (учебници, збирки, речници, интернет, наставни средства и помагала) кои ги имаат на располагање и се прилагодени на содржините кои се обработуваат и на потребите на учениците.<br><br>Наставниците редовно разговараат со учениците за тоа како полесно да ја совладаат наставната содржина. Во однос на ова тврдење анкетираните наставници се изјасниле на следниов начин: неточно – 0%, делумно точно - 14,7%, сосема точно - 85,3%. Притоа наставниците редовно им ги укажуваат на учениците недостатоците кои мора да ги надминат при совладувањето на наставната содржина. Во однос на овој исказ наставниците се изјасниле на следниот начин: неточно – 1,5%, делумно точно – 7,3%, сосема точно - 91,2%.<br><br>Според резултатот од спроведената анкета за ученици се заклучува дека наставниците редовно разговараат со учениците и ги информираат за постигнатиот напредок и успех (неточно – 10,9%, делумно точно – 55,9%, сосема точно - 59,4%). |

| | |
|---|---|
| | Според резултатот од спроведената анкета за ученици се заклучува дека поголемиот број наставници предаваат на начин кој е јасен и разбирлив за сите ученици (неточно – 7,8%, делумно точно – 50%, сосема точно - 42,2%).<br>Во училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и реализацијата на наставата. Се прават посети на часови од страна на Директорот, помошниците и стручната служба. Стручната служба дава добра поддршка при следењето на наставните часови, прави анализи на следењето и дава повратна информација до наставниците преку стручните активи и наставничкиот совет. |

| Индикатор 3.3. Искуства на учениците од учењето | |
|---|---|
| **Теми** | - Средина за учење<br>- Атмосфера за учење<br>- Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>- Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **Извори на податоци** | |
| - Анкетен прашалник за ученици<br>- Анкетен прашалник за наставници<br>- Анкетен прашалник за родители<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Извештаи од секции, екскурзии, посети и др. воннаставни активности<br>- Програма за работа и извештаи на ученичка заедница | Училниците се добро осветлени и атмосферата е пријатна и поттикнувачка за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училниците и во ходниците.<br>Во училиштето постои заложба од наставниците учењето во училницата да биде активно, динамично и да има работна атмосфера на наставниот час. Во прилог на ова, на тврдењето Ги поттикнувате учениците на самостојно размислување и учење, наставниците се изјасниле на следниот начин: неточно – 0%, делумно точно – 11,65%, сосема точно - 88,2%. Во однос тоа дека на часовите има работна атмосфера која го поттикнува вниманието на учениците, анкетираните ученици се изјасниле на следниот начин: неточно – 18,8%, делумно точно – 48,4%, сосема точно - 32,8%.<br>Поголем дел од учениците сметаат дека блок часовите им влијаат на концентрацијата (неточно – 17,2%, делумно точно – 28,1%, сосема точно - 54,7%). Наставниците работат со учениците во остварувањето на различни слободни ученички активности.<br>На исказот Наставниците не поттикнуваат да се вклучиме во слободни ученички активности, анектираните ученици одговориле на следниот начин: неточно – 18,8%, делумно точно – 48,4%, сосема точно - 32,8%.<br>Во иднина е потребно да се зголеми бројот на наставниците кои ќе се ангажираат во реализација на различни слободни ученички активности.<br>Училиштето низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. |

| Индикатор 3.4. Задоволување на потребите на учениците | |
|---|---|
| **Теми** | - Идентификување на образовните потреби на учениците<br>- Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **Извори на податоци** | |
| - Анкета за ученици<br>- Анкета за наставници<br>- Анкета за родители<br>- Записници на ученичката заедница<br>- Записници на ученичка заедница<br>- Евиденција на стручната служба<br>- Записници од Наставнички совет<br>- Записници од Класни совети<br>- Записници од Совет на родители<br>- Наставни планови и програми | Наставниот кадар и стручната служба во училштето ги идентификуваат образовните потреби на учениците и преземаат активности за нивно остварување.<br><br>Во однос на тврдењето: Ги поттикнувате учениците на самостојно размислување и учење, наставниците се изјасниле на следниот начин: неточно – 0%, делумно точно – 11,65%, сосема точно - 88,2%. Ова покажува дека наставниците го поттикнуваат развојот на вештините и на самостојното учење и размислување кај учениците.<br>За задоволување на потребите на учениците со посебни потреби, наставниците во соработка со педагошката служба изработуваат индивидуални образовни програми.<br>Наставниците редовно одржуваат дополнителна настава се со цел да им помогнат на одредени ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот. Ова можеме да го заклучиме од тврдењето Наставниците одржуваат дополнителна настава која ми помага при совладување на оние наставни единици за кои имам потешкотии да ги совладам за кое анкетираните ученици се изјасниле на следниов начин: неточно – 6,3%, делумно точно - 35,9%, сосема точно: 57,8 %. |

| Индикатор 3.5. Оценувањето, како дел од наставата | |
|---|---|
| **Теми** | - Училишна политика за оценување<br>- Методи и форми на оценување<br>- Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Педагошка евиденција и документација<br>- Користени инструменти за оценување (тестови на знаење)<br>- Примери на оценети ученички трудови<br>- Анкетен прашалник за ученици<br>- Анкетен прашалник за наставници<br>- Анкетен прашалник за родители<br>- Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители | Училиштето има дефинирана политика за оценувањето на учениците согласно со законските прописи. На почетокот од наставната година сите наставници во рамките на стручните активи изготвуваат критериуми за оценување (во согласност со насоките дадени од БРО и ЦСОО) според кои се водат во текот на целата учебна година. Наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување.<br>Повеќето наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Се применуваат разновидни начини со кои учениците се оценуваат: усмено, писмено, формативно и сумативно оценување.<br>Усвоените знаења се проверуваат преку: писмени тестови, индивидуални домашни задачи, извештаи за изведени проектни задачи, активност на часовите, преку дискусии и расправи на тема, анализи од практични вежби, писмени работи и др.<br>Во однос на оценувањето, на исказот Наставниците праведно оценуваат и оценката зависи од активноста и знаењето на учениците, учениците се изјасниле на следниот начин: неточно – 14%, делумно точно - 46,9%, целосно точно: 39 %.<br>Повеќето наставници ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |

| | |
|---|---|
| | Во однос на тврдењето: Моето мислење во однос на учењето на моето дете се уважува од страна на наставниците,анкетираните родители се изјасниле на следниов начин: неточно – 6,3%, делумно точно - 38,3%, целосно точно: 57,4 %. Од гореневеденото може да се потврди дека постои добра соработка и однос меѓу родителите и наставниците кога станува збор за успехот на учениците. |

| | |
|---|---|
| **Индикатор 3.6. Известување за напредокот на учениците** | |
| **Теми** | - Известување на родителите за напредокот на учениците |
| **Извори на податоци** | |
| - Електронски дневник<br>- Педагошка евиденција и документација<br>- Анкетен прашалник за наставници<br>- Анкетен прашалник за родители<br>- Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители<br>- Евидентни листови. | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците кој што доследно се применува.<br>Во училиштето секој месец се организира отворен ден за родители на кој сите наставници во училиштето се присутни и отворени за соработка со родителите односно ги информираат родителите за успехот и напредокот на учениците даваат совети за подобрување .<br>Исто така, во училиштето има распоред со термини за консултации на наставниците со родителите. Во однос на ова, на исказот Наставниците се редовно достапни за да ме информираат за успехот, родителите се изјасниле на следниот начин: неточно – 7,4%, делумно точно - 17%, целосно точно: 75,5 %.<br>Во училиштето редовно се одржуваат родителските средби, редовни и вонредни по потреба на кои класните раководители ги информираат родителите за успехот на учениците (евидентни листови).<br>Досегашното искуство со примената на Е-дневникот дава позитивни резултати во следењето и целосната информираност на родителите. Во однос на тоа е исказот |

| | |
|---|---|
| | Успехот и вреднувањето на учениците редовно е прикажан во е-дневникот,на кој наставниците се изјасниле на следниот начин: неточно – 5,88%, делумно точно - 11,66%, сосема точно: 80,8 %.<br>За родителите да можат да го следат напредокот и постигнувањата на учениците, аставниците ги поттикнуваат родителите на постојана соработка. Во прилог на ова се резултатите од анкетата каде анкетираните се изјасниле на следниов начин: неточно – 11,65%, делумно точно - 26,7%, сосема точно: 61,8%. |

| Резултати | |
|---|---|
| **Јаки страни** | - Наставниците користат современи методи и техники при реализација на наставните содржини;<br>- Наставниците имаат добра соработка со родителите и ги поттикнуваат родителите да го следат напредокот и постигнувањата на учениците во учењето;<br>- Оценувањето се врши според добро разработени критериуми;<br>- Начинот на кој оценуваат наставниците е праведен и повеќето ученици се задоволни од истиот;<br>- Забелешките на родителите се земени предвид и се уважени од страна на наставниците. |
| **Слаби страни** | - На некои часови нема работна атмосфера која го поттикнува вниманието на учениците;<br>- Не сите наставници се вклучени во слободните ученички активности со учениците во и надвор од наставата;<br>- Употребата на ИКТ во наставата е делумно ограничена поради условите за изведување на истата во различни училни<br>- Блокот на часови влијаат врз концентрацијата и успехот во наставата. |

## *4.* ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО *ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ*

Во рамките на подрачјето ***Поддршка на учениците*** вреднување на актуелната состојба беше извршено преку анализа и проценка на следните индикатори и теми кои се однесуваат на одредена активност која се спроведува во училиштето:

| **Подрачје бр. 4: Поддршка на учениците** | | |
|---|---|---|
| | Индикатори за квалитет | Теми |
| 4.1 | **Севкупна грижа за учениците** | - Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>- Превенција од насилство<br>- Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>- Квалитет на достапна храна<br>- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | **Здравје** | - Хигиена и заштита од болести<br>- Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| 4.3 | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | - Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>- Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| 4.4 | **Следење на напредокот** | - Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>- Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| **Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците** | |
|---|---|
| **Теми** | - Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>- Превенција од насилство<br>- Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>- Квалитет на достапна храна<br>- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Програма за работа на директорот<br>- Програма за работа на стручната служба<br>- Записници од Наставнички совет на училиштето<br>- Дневник за работа<br>- Дневник за работа на педагог<br>- Правилникзапостапува њевослучајна пожаридругиелементарнине погоди<br>- Акционен план за превенција од насилство<br>- Записници од класна заедница<br>- Записници од санитарна инспекција<br>- Книги од дежурства-<br>- Правилник за кодекс на однесување на ученици<br>- Правилник за кодекс на однесување на наставници<br>- Проект за капитални инвестиции од мала | Просторот во училиштето и училишниот двор е безбеден и сигурен за изведување на настава и вонучилишни активности и не претставува потенцијална опасност за повреда на учиниците или вработените.<br>Училиштето има акционен план за спречување и реагирање против насилство. Се преземаат мерки во училиштето и во соработка со надворешни релевантни институции во училиштето се врши идентификација на ученици со насилно однесување, навремено изрекување на педагошки мерки, едукација за спречување на насилство, развивање на социјални вештини, дежурни ученици кои запишуваат кој влегува во училиштето, дежурни наставници. Со цел спречување на насилство и навремено реагирање училиштето воспоставува соработка со други училиштата, соработка со родители, соработка со полицијата, соработка со локалната заедница. Во училиштето спостои физичко обезбедување со цел да се зголеми безбедноста.<br>Наставниците и учениците се вклучуваат во проекти и програми понудени од страна на невладини организации и други институции.<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции, која подразбира дека во училиштето (учлниците, канцелариите, тоалетите) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.<br><br>Учениците редовно се информираат од страна на |

| | |
|---|---|
| вредност<br>- Извештај од работењето на училиштето<br>- Записници од Совет на родители<br>- Записници од УО<br><br>- Записници (евидентни листови) од индивидуални разговори со ученици и родители<br>- Увид во педагошката евиденција (работа на проекти), увид во<br>- просторните капацитети и увид на час<br>- Податоци за организирани предавања во училиштето | професорите, педагошката служба и медицински лица за штетните последици по нивното здравје од употреба на алкохол, наркотични супстанции и пушење, преку предавања, работилници и индивидуална работа со учениците.<br><br>Пристапот во училиштето за потребите на учениците со телесни пречки во развојот не е соодветно прилагоден бидејќи просторот во ходниците и во училниците од приземјето на училиштето до првиот кат не овозможува нивно безбедно движење. Исто така во училиштето недостасува лифт за движење на учениците со телесни пречки во развојот од еден кат на друг. Наставниците и педагошката служба се вклучени во обука за инклузија на деца со посебни образовни потреби и во училиштето има инклудирано ученици со кои се работи по индивидуален образовен план.<br>Училиштето нема пишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. За оценување на социјалните потреби се водат разговори со учениците, училиштето соработува со родителите и локалната заедница. Училиштето соработува со релевантни институции ( центар за социјална работа, хуманитарни организации, деловна заедница) и поединци за поддршка на децата од социјално загрозени семејства но сепак треба да се организираат повеќе хуманитарни акции за социјално загрозените семејства.<br>Во училишниот двор има сендвичара за јадење на учениците но тие сметаат дека времето на големиот одмор не им е доволно за да се нахранат. |

| Индикатор 4.2. Здравје | |
|---|---|
| **Теми** | - Хигиена и заштита од болести<br>- Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **Извори на податоци** | |
| - Закон за средно образование<br>- Педагошка документација<br>- Книга за дежурство<br>- Годишна програма за работа училиштето<br>- Извештај од класните раководители за појавана сезонски грип и негова превенција<br>- Фактури занабавка на средства за хигиена и дезинфекција<br>- Увид во училишниот простор<br>- Статут научилиштето<br>- Извештај од систематски преглед<br>- Евиденција од стручната служба<br>- Белешки од класни раководители<br>- Извештаи од предавањата на надворешни стручни лица за заштита и превенција од заразни болести | Во однос на одржување на хигиената во училиштето и заштита од заразни болести училиштето постапува според препораките и насоките на санитарна инспекција.<br>Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја оддржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот.<br>Дворот на училиштето е чист од отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.<br>Училиштето има програма за превенција од заразни болести, во текот на целата учебна година се одржуваат предавања за заштита и превенција од заразни болести. Во насока на унапредување на здравјето на учениците се реализираат систематски прегледи и вакцинација на учениците и санитарен и систематски преглед на наставниците и вработените.<br>Училиштето има процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. При тоа училиштето соработува со родителите и релевантни институции. Учениците кои подолг период отсуствувале од наставата можат да следат дополнителна настава и да доаѓаат почесто на консултации со предметните наставници. |

| Индикатор 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | |
|---|---|
| **Теми** | - Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>- Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Програма за професионална ориентација на учениците<br>- Записници од Совет на родители<br>- Записници од Родителски средби<br>- Педагошка документација<br>- Извештаи од одржани предавања<br>- Извештаи од посета на стопански институци<br>- Извештаи од посета на саеми | Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Учениците добиваат советодавна помош од страна на сите структури во училиштето: класен раководител, наставници, стручна служба. Училиштето им нуди на учениците можности за добро организирана практична работа во сите образовни профили.<br>Училиштето работи на навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр, семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. Училиштето соработува со релевантните институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др. |

| Индикатор 4.4. Следење на напредокот | |
|---|---|
| **Теми** | - Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>- Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| **Извори на податоци** | |
| - Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Записници од Класен совет на паралелка<br>- Записници од Наставнички совет на училиштето<br>- Записници од Совет на родители<br>- Записници од стручни активи<br>- Извештаи и анализи од педагошката служба<br>- Дневник на паралека<br>- Преведница | Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневник на паралелка. Отсуствата редовно се евидентираат. Евиденцијата за постигањата на учениците им е достапна на сите наставници, учениците се запознаваат на класен час, родителите редовно и навремено се запознаваат. Во евиденцијата не се акцентирани добрите страни на ученикот и неговите развојни потенцијали. Во евиденцијата не се внесени и податоци за напредокот на ученикот што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на ученикот.<br>Во текот на годината наставниците ги вреднуваат постигнатите резултати на ученикот преку оценување во четири класификациони периоди. Раководителите на паралелки подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручната служба, каде што се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи. |

| Резултати | |
|---|---|
| **Јаки страни** | - Безбедноста на учениците е на високо ниво;<br>- Континуирана едукација на учениците за штетните последици од користење на психотропни супстанции;<br>- Соработка стручна служба – наставници -родители.<br>- Хигиената се одржува постојано<br>- Учениците во секое време имаат каде да се обратат доколку им е потребна помош |
| **Слаби страни** | - Во училиштето нема лифт за движење на лица со телесни пречки во развојот<br>- Просторот не е соодветен за ученици со телесен инвалидитет<br>- Големиот одмор е недоволен за исхрана на учениците |

# 5. ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во рамките на подрачјето ***Училишна клима и односи во училиштето*** вреднување на актуелната состојба беше извршено преку анализа и проценка на следните индикатори и теми кои се однесуваат на одредена активност која се спроведува во училиштето:

| Подрачје бр. 5: Училишна клима | | |
|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | - Углед/имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплинавоучилиштето<br>- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | **Промовирање на постигањата** | - Промовирањеналичнитепостигањаанаучениците<br>- Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | - Познавање на правата на децата<br>- Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | - Соработка на училиштето со родителите<br>- Соработка со локалната заедница<br>- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| **Индикатор 5.1. Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **Теми** | - Углед/имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплина во училиштето<br>- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **Извори на податоци** | |
| - Закон за средно образование<br>- Статут на училиште<br>- Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Куќен ред<br>- Кодекс за однесување на учениците<br>- Упатство за начинот на изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки | Нашето училиште има висок рејтинг како средношколска образовна институција во општина Аеродром, градот Скопје и во Република Македонија. Меѓучовечките односи на релација наставник-наставник, наставник-родител, наставник-ученик се многу добри, но во иднина треба да се поработи на подобрување на односот ученик-ученик,наставник-наставник-стручна служба и родител-наставник. Како потврда за ваквата слика која ја имаме за себе како училиште е бројот на запишани ученици во нашето училиште и мислењето на родителите кои имаат запишано дете кај нас.<br><br>Во спроведената анкета беа анкетирани 90 родители. Училиштето ја има довербата на родителите. Со високи 76% родителите се изјасниле дека од страна на училиштето се запознаени за наставните планови и програми по кои нивните деца ќе ги стекнуваат знаењата. 72% од родителите сметаат дека наставните планови и програми се соодветни за учениците според возраст,пол и националност. 71% од родителите се изјасниле дека она што ќе го научат учениците по практична настава во иднина ќе им послужи како во професијата така и во животот. 61% од родителите сметаат дека користењето на ИКТ во наставата му овозможува на ученикот полесно да го совлада материјалот, а истовремено часот во голема мера е поинтересен.<br><br>Училиштето има кодекс на однесување во кој прецизно се дефинирани правилата на однесување за сите субјекти во училиштето. Во неговата изработка учествуваат сите инволвирани страни.<br><br>За ретките случаи на недолично однесување или грубо кршење на кодексот, како и за направените неоправдани изостаноци се изрекуваат педагошки мерки , 35,5% од анкетираните ученици сметаат дека педагошките мерки не влијаат во голема мера врз промена на однесувањето на учениците.Нашето училиште е безбедна средина и во |

| | |
|---|---|
| - Дневник на паралелката<br>- Записничка книга од состаноци на Наставнички совет<br>- Пофалби, награди и др. | прилог на ова говори бројката од 42% од анкетираните ученици се чувствуват сигурно и безбедно.<br><br>Меѓусебното почитување на наставниците и учениците е на завидно високо ниво, поточно 92% од родителите се изјасниле дека наставниците ги почитуваат учениците, а 86% од учениците ги почитуваат своите наставници. Во иста мерка (86%) од учениците се почитуваат меѓусебно што зборува за навистина добра и позитивна училишна клима. Анкетираните родители се сведоци на меѓусебното помагање на учениците во совладување на наставните содржини (74%), како и нивното дружење надвор од училиштето (74%). Ова се добри показатели, но истовремено укажуваат на тоа дека има простор за наше понатамошно залагање за подобрување на квалитетот на односите ученик-ученик. 86% од родителите пак оценија дека учениците меѓусебно се почитуваат. 49,09% од анкетираните ученици сметаат дека наставниците позитивно влијаат врз нивната самодоверба.<br><br>Дисциплината на учениците за време на наставата  е добра, но во поедини паралелки се забележува и намалена дисциплина. Наставниците внимателно и  авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината за време на часовите. За време на одморите организирани се редовни дежурства на наставниците. Дежурните наставници го следат однесувањето на учениците за време на одморите. Во Книгата за дежурства се евидентираат сите случувања за тековниот ден. Доколку се случи поедини ученици да го нарушуваат редот со своето однесување  тие се упатуваат во стручната служба каде се разговара со нив во врска со направениот престап. На ваквите разговори најчесто присуствува и класниот раководител, а во зависност од направениот престап може да биде повикан и родителот на ученикот.<br><br>На секое прекршување на кодексот на однесување, се постапува навремено според правилникот за педагошки мерки и во согласност со училишната политика за превенција и справување со насилство.<br>Според резултатите од спроведената анкета:<br>- Педагошките мерки успешно се спроведуваат во училиштето според 65% од анкетираните ученици<br>- 85% од наставниците чувствуваат дека се обучени за справување со проблематични ученици<br>- 78% од учениците се чувствуваат безбедно во училиштето |

| **Индикатор 5.2. Промовирање на постигањата** | |
|---|---|
| **Теми** | - Промовирање на личните постигања на учениците<br>- Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **Извори на податоци** | |
| Годишна програма<br>Годишен извештај на Училиштето<br>Дневник за работа на паралелката<br>Благодарници, пофалници, дипломи и пехари<br>Училишно списание „Филалет”<br>Евидентни листови за паралелката<br>Записничка книга од состаноците на Наставничкисовет<br>Фотографии, огласни табли<br>www.vladotasevski.edu.mk | Во училиштето редовно се следат постигнатите резултати од учеството на учениците на општинските, регионалните или државните натпревари. Талентираните ученици учествуваат на училишни манифестации, патронати, приредби, конкурси и сл. Се поттикнува соработката и натпреварувачкиот дух меѓу учениците. Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Учениците кои освојувааат награди на републички натпревари добиваат и парични награди. Успесите и постигањата на учениците и на училиштето се промовираат на огласна табла, во училишниот весник „Филалет“ и на веб-страната на училиштето.<br>Изборот на ученик на генерација се врши според правилник во кој јасно се дефинирани критериумите за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница.<br>Нашето училиште потпиша Меморандум за соработка со ССОУ Коле Неделковски од Велес со што беше изработен заеднички проект **Се запознавме,твориме, се дружиме,** со кој аплициравме во фондот **Градиме мостови** проект на МОН, Амбасадата на Кралството Холандија, владите на Швајцарија и Ирска и мисијата на ОБСЕ во Скопје.<br>Со цел подигање на еколошката свест на учениците, нашето училиште продолжи со реализацијата на проектот **ЕКО-УЧИЛИШТЕ.**<br>Нашето училиште учествува во проектот Инфо Млади@Креативни2017. Со овој проект учениците ќе го докажат својот креативен потенцијал, ќе научат и ќе совладаат нови вештини, а воедно ќе укажат на значењето на хартијата и нејзината бесконечна употреба. |

| | |
|---|---|
| | И оваа година продлжи со реализација проектот **Професионално информирање и советување на младите.**<br><br>Нашето училиште е вклучено во проектот **Промоција на социјално претприемништво кај средношколската младина** кој е реализиран од УСАИД ЈЕС Мрежа, подржан од Град Скопје. Целта на овој проект е унапредување на здравјето на учениците и животната средина,едукација и обука на средношколската младина за унапредување на вештините и знаењата од областа на претприемништвото, маркетингот или иноваторството, организирање манифестации за промоција на најдобрите матуранти од средните училишта.<br><br>Веќе 4 години во нашето училиште успешно се реализира проектот **БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШТА** кој го спроведува Мисијата на ОБСЕ-Скопје, подржан од Град Скопје.<br><br>И во оваа учебна година се реализира проектот на МОН **Електронски дневник(Е-дневник).** Целта на овој проект да се подобри комуникацијата меѓу наставниците и родителите, да овозможи брз и едноставен увид на информации од дневникот од страна на родителите. |

| Индикатор 5.3. Еднаквост и правичност | |
|---|---|
| **Теми** | - Познавање на правата на децата<br>- Еднаков и правичен третман на ситеученици<br>- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **Извори на податоци** | |
| - Дневник за работа на паралелка<br>- Записничка книга од состаноци на наставнички совет<br>- Книги за упис на ученици<br>- Записници од состаноци на комисии<br>- Извештај за работа на активи<br>- Годишен извештај за работа на Училиштето<br>- Кодекс за однесување на наставници<br>- Конвенција за права на детето<br>- www.vladotasevski.edu.mk<br>- Прашалници за ученици, родители и наставници | Еднаков и правичен третман на сите ученици е едно од основните правила кое се практикува во училиштето. Подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.<br><br>Во училиштето заеднички работат и соработуваат наставници, ученици и други субјекти вклучени во воспитно образовниот процес, од различни националности со различна култура и традиција. Училиштето тежнее да биде промотор на редот, мирот и соживотот меѓу сите членови.<br><br>Меѓусебните недоразбирања се разрешуваат со толеранција и почит, а со тоа се спречува создавањето на конфликти. Училиштето е вклучено во реализација на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Основна цел е да се постигне напредок на училиштето во однос на остварување на целите на меѓуетничката интеграција во образованието, преку непосредно и активно учество на наставниците, учениците и родителите во спроведувањето на тие цели. Тимот кој е одговорен за спроведување на проектот учествуваше на повеќе обуки а после тоа реализираше дисиминација на обуките за останатите наставници. Од почетокот на реализација на проектот во училиштето се спроведуваат разни активности во кои се вклучени наставници и ученици од македонска, албанска и од други националности (дебати, квизови, училишни натпревари, шаховски турнир, изработка на мултимедијални продукти на тема „Како гоградиме соживотот во училиштата“, заеднички подготовки и реализација на активностите поврзани со патрониот празник на училиштето, заедничка изработка на училишниот весник „Филалет“,украсување на училишниот двор по повод Нова година, нашето училиште на конкурсот објавен од МОН за Најчисто и најбезбедно училиште во Р.Македонија во 2016 година освои 2-ро место). |

| | |
|---|---|
| | Во 2016 година нашето училиште го реализираше проектот од Секторот за образование на Град Скопје Одбележување на најзначајни настани и личности од областа на образованието, со наслов **Во темнината на тешките историски премрежја, тие беа на браникот на нашиот културен и национален идентитет (Миладиновци,Прличев,Цепенков,Чернодрински).** |

| **Индикатор 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| **Теми** | - Соработка на училиштето со родителите<br>- Соработка со локалната заедница<br>- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>- Соработка со меѓуанродната заедница |
| **Извори на податоци** | |
| - Закон за средно образование<br>- Статут на Училиштето<br>- Записничка книга за работа на Училишен одбор<br>- Записничка книга за работа на Совет на родители<br>- Записничка книга за работа на Наставнички совет<br>- Дневник за работа на паралелката<br>- www.vladotasevski .edu.mk | Родителите во сите сегменти од работењето, особено во следењето и вреднувањето на воспитно-образовниот процес, како и активно учество во сите воннаставни активности.<br><br>Соработката со родителите се реализира преку планирани и организирани форми, и тоа: **родителски средби**, (редовни - 4 пати во текот на годината и вонредни - по потреба)<br>**Индивидуални средби**, за кои има определени временски термини во текот на Приемните денови на наставниците.<br>**Самоиницијативни средби** на родителите со раководителот на паралелката или стручните соработници.<br>Секоја последна среда во месецот се организира и реализира**Отворен ден на** училиштето на секој родител има можност да разговара со секој предметен наставник со цел подобрување на успехот, редовноста и однесувањето на неговото дете. Резултатите од спроведената анкета покажуваат дека 84,21% од анкетираните наставнициостваруваат комуникација со родителите на проблематичните ученици на отворените денови на училиштето.<br>**Советот на родителите** разгледува прашања од животот и работата на училиштето и дава мислење за подобрување на воспитно-образовната работа; го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за негово подобрување; ја следи редовноста на учениците и дава мислење за нејзино подобрување. |

| | |
|---|---|
| | Преку свои претставници учествува во работата на Училишниот одбор; се грижи за осовременување на наставата, изведување ученички екскурзии, наградување на учениците, посети и подобрување на условите за работа во училиштето, и се грижи за обезбедување средства за учениците-социјални случаи и врши други работи од својот делокруг.<br>**Советувањето на родители** се реализира согласно Законот за средно образование. Целта на советување на родителите е нивно едуцирање за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училиштни тешкотии и животни предизвици. Секојдневното искуство покажува дека вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание, не само врз училишниот успех на нивните деца, туку и врз нивниот развој и севкупно однесување. Резултатите од спроведената анкета покажуваат дека 47,37% од анкетираните наставници се со став дека родителите не се доволно вклучени во училишните активности. Во насока на реализација на воспитно-образовниот процес,училиштето соработува со Одделението за образование на Град Скопје, Министерството за образование и наука–Секторот за основно и средно образование, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обукаи и Државниот испитен центар.<br>Училиштето е заинтересирано за соработка и подготвено да реализира проекти од заеднички интерес и со сите други институтиции од опкружувањето во рамките на локалната заедница и пошироко. Во текот на изминатиот анализиран период реализирани се низа такви проекти и активности: Во соработка со Општина Аеродром, реализирани се активностите по повод Денот на дрвото; во соработка со Црвениоткрст на Кисела Вода, Црвениоткрст на Град Скопје, Републичкиот завод за трансфузиологија и Службата за трансфузиологија при Градскатаболница (крводарителни акции, мерење на крвен притисоки шеќерна вработените во училиштето); во соработка со Здравствен дом - едукативни предавања на учениците за превенција и заштита од болестите на зависност; соработка со Поликлиниката Јане Сандански, каде што се вршат систематски прегледи за учениците; соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата по повод одбележувањето на Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди; активно учество во активностите кои ги организираше Градот Скопје, МВР и ОБСЕ а се дел од проектот Скопје град без насилство; организирана посета на спортски натпревари во спортскиот центар Јане Сандански како дел од проектот Стоп на тепачките на спортските натпревари др. Училиштето соработува со сите основни |

| | |
|---|---|
| | училишта од градот и околината и со факултетите. Соработката со основните училишта се реализира преку тимот за маркетинг кој во пресрет на уписите на ученици во прва година во новата учебна година ги претставува струките кои ги има во нашето училиште. Соработката со високобразовните институции се реализира преку одржување на предавања од факултетите за учениците од завршните години за можностите за продолжување на студирање.<br>Училиштето има воспоставена соработка со Цементарница УСЈЕ, Маскстил, Македонски железници, Македонска радио и телевизија, АД Раде Кончар, Топлификација, Факом, ЈСП Скопје, Фершпед, Дени Интернационал, повеќешпедитерски куќи,и др. Соработката се остварува преку:изведување на дел од практичната настава и феријалната практика на учениците, креирање на заеднички проекти, едуцирање на кадар за организациите и др .<br>Менаџерскиот тим на училиштето настојува да склучи Меморандум за соработка и со други фирми (други радио - телевизиски организации, МВР, ЕВН, и со одредени приватни техничко-сервисни организации) за реализација на практичната настава, стипендирање на учениците и можност за нивно идно вработување.<br>Нашето училиште активно е вклучено и во меѓународни активности. Целта е преку наше претставување, да го зголемиме бројот на наѓи меѓународни подржувачи и соработници.<br>Во Мај 2016 нашето училиште ја започна кампањата **Запознај го СУГС Владо Тасевски-Скопје, стани пријател, стекни искуство.** Во рамките на оваа кампања нашата дипломатска активност ја започнавме со амбасадата на Република Хрватска на 12.05.2016 година. На 13.05.2016 година ја продолживме кампањата со амбасадата на Република Бугарија, на 18.05.2016 со амбасадата на Република Словенија.<br>На 07.07.2016 година во рамките на реализирањето на концептот за афирмирање на нашето училиште на меѓународен план, од страна на директорката на нашето училиште е остварена работна посета во Тирана Република Албанија. Направен е контакт со неколку невладини организации кои работат на полето на едукација и практична настава со техничките училишта во Албанија како и со техничките факултети при Албанските универзитети. |

| | |
|---|---|
| | На 27.09.2016 година од страна на директорката на нашето училиште е остварена средба со амбсадорот на НР Кина. Како резултат од оваа средба е направена деловна соработка, и нашето училиште доби донација-компјутерска опрема од компанијата HUAWEI.<br><br>На 15.11.2016 во нашето училиште е потпишан Меморандум за соработка помеѓу нашето училиште и СЕУ Никола Тесла од Ниш-Република Србија/ главна интенција на овој меморандум е воспоставување на линија на соработка со која јасно се дефинирани потребите и желбите за градење на нова сфера на идеи и проекти со кои ќе се одговори на предизвиците на ЕУ и новите трендови во образованието, а особено кај техничките училишта. |

| Резултати | |
|---|---|
| **Јаки страни** | - Јасно дефинирани правила во Кодексот за однесување;<br>- Соработка и разбирање со родителите;<br>- Прописно и транспарентно изрекување на педагошки мерки;<br>- Јавно промовирање на личните постигнувања на учениците;<br>- Богата соработка со локалната, деловната и меѓународната заедница |
| **Слаби страни** | - Намалена дисциплина за време на наставата во поедини паралелки;<br>- Недоволен интерес на учениците за вклучување  во вонаставни и проектни активности;<br>- Недостаток на мотивација на учениците за постигнување на подобри резултати<br>- Недоволен  интерес на родителите за посета на Отворениот ден на училиштето |

## *6.* ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО *РЕСУРСИ*

Во рамките на подрачјето ***Ресурси*** вреднување на актуелната состојба беше извршено преку анализа и проценка на следните индикатори и теми кои се однесуваат на одредена активност која се спроведува во училиштето:

| **Подрачје бр. 6: Ресурси** | | |
|---|---|---|
| **Индикатори за квалитет** | | **Теми** |
| ***6.1*** | **Сместување и просторни капацитети** | - Просторни услови<br>- Искористеност на просторните капацитети |
| ***6.2*** | **Наставни средства и материјали** | - Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Училишна библиотека<br>- Потрошен материјал |
| ***6.3*** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | - Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>- Ефективност и распоредување на кадарот<br>- Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| ***6.4*** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | - Професионален развој на наставниците |
| ***6.5*** | **Финансиско работење во училиштето** | - Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

Врз основа на спроведените анкети и другите погоре споменати начини, техники и методи за прибирање на податоци за подрачјето ***Ресурси*** дојдовме до следните сознанија:

| **Индикатор 6.1. Сместување и просторни капацитети** | |
|---|---|
| **Теми** | - Просторни услови<br>- Искористеност на просторните капацитети |
| **Извори на податоци** | |
| – Годишна програма на Училиштето<br><br>– Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2016/2017 година<br><br>– План за развој на училиштето<br><br>– Записници од просветна и санитарна инспекција<br><br>– Распоред на часови<br><br>– Записници од работата на стручните активи<br><br>– Анкети | Средното училиште на Град Скопје „Владо Тасевски“ – Скопје располага со вкупна површина од 13.000 м2. Училишната зграда е тврда градба со површина од 4580m2 изградена во 1983, додека училишниот двор е со површина од 8000 m2 (400 m2 спортски терени, 400 m2 паркиралиште, 2000 m2 уредена земјена површина).Училиштето располага со 18 училиници за настава, 3 лаборатории за електротехничка струка, 2 опремени машински работилници, 9 професорски кабинети, 1 библиотека, 1 сала за спорт со помошни простории и една аула за свечености. Училишниот простор во голема мера ги исполнува условите за изведување на настава согласно Нормативот. Учениците кои наставата ја следат на албански наставен јазик се сместени во просториите на СУГС „8 Септември“, каде што користиме девет училници и две канцеларии (800 m2).<br><br>Постоечкиот училишен простор во голема мера ги исполнува условите за изведување на настава согласно Нормативот. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, но за целосна реализацијата на целите поставени во Годишната програма за работа на училиштето, се соочуваме со проблем во врска со недостиг од просторни капацитети.<br><br>Просториите се искористени максимално за вршење на воспитно образовниот процес, кој сеодвива во две смени и за организирање на воннаставни активности за учениците.<br><br>На прашањето дали просториите ги исполнуваат условите за вршење на воспитно образновниот процес 36% од учениците се изјасниле во мала мера точно, што не е случај во прашалниците на родителите кои 58% одговориле со точно, |

| | |
|---|---|
| | поголем е процентот кај наставниците 62% кој се изјасниле во поголема мера точно.<br><br>На прашањето дали просториите за практична настава имаат современа опрема 34% од учениците одговориле негативно, 39% од родителите позитивно, додека 48% од наставниците мислат дека во просториите фали современа опрема. |

### Индикатор 6.2. Наставни средства и материјали

| | |
|---|---|
| **Теми** | - Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Училишна библиотека<br>- Потрошен материјал |
| **Извори на податоци** | |
| – Годишна програма на Училиштето<br>– Евиденција на книжен фонд која ја има во училишната библиотека<br>– Пописна листа<br>– Барања за потребен материјал од активи<br>– Финансиски план на училиштето<br>– Записници од Комисија за набавка на материјали<br>– Годишен извештај за работата научииштето заучебната 2016/2017 година | Училиштето во голема мера располага со стручна литература, но за дел од стручните предмети сеуште нема учебници. Училиштето делумно располага со нагледни средства и помагала. Дел од постоечките нагледни средства за реализација на програмите по стручно - теоретските предмети и практичната настава е застарен. Наставниците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ги користат во наставата и учењето, но количината не задоволува според нормативите за наставни средства и помагала. Се јавува проблем затоа што нема безжичен пристап на интернет во сите простории во училиштето и училиштето во моментот располага само со четири LCD проектори.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ . Училиштето во рамките на проектот за техничка помош во областа на обазованието ( наменет за средните училишта ) од страна на Р.Кина доби донација на Huawei опрема<br>Во учлниците треба да се зголеми бројот на нагледни средства изработени од учениците и самите наставници.<br><br>Училишната библиотека располага со 24.283 примероци од 9108 наслови (лектирни изданија, |

| | |
|---|---|
| | белетристика и стручна литература) кои ги користат наставниците и учениците. Овој број се надополнува со бесплатните учебници за учениците доделени од МОН кои ги има за 53 наставни предмети. Според вкупниот број на запишани ученици, бројот на наслови на книги по ученик не задоволува. Библиотеката не води компјутерска евиденција.<br><br>Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши редовно преку овластениот орган во училиштето. Училиштето навремено планира набавка на потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности, но заради законската обврска за јавни набавки преку тендер понекогаш се случува реализацијата да доцни од планираното.<br><br>На прашањето дали училиштето располага со добро опремена библиотека 32% од учениците одговориле со неточно 49% од родителите со точно а 53% од наставниците со во поголема мера точно. Учениците сметаат дека учлниците не се совтемено опремени и тоа 33%, истото мислење со 33% го делат и родителите а дури 54% од наставнивите сметаат дека учлниците не се современо опремени<br><br>Дел од учениците 41% одговориле дека училиштето не врши обнова на наставните средства и помагала, додека родителите 50% одговориле дека училиштето врши обнова на наставните средства и помагала, приближен е одговорот од 46% и на наставиците дека училиштето врши обнова на наставните средства и помагала.<br><br>На прашањто дали училиштето располага со стручна литератута 57% родителите одговориле со точно, 32% од учениците со во поголема мера точно, додека кај наставниците мислењето е поделено 38% во помала мера точно и 36% во поголема мера точно.<br><br>На прашањето дали наставниците имаат потреба од интернет конекција за подобро реализирање на наставниот предмет висок процент од 74% одговориле со точно а 15% во поголема мера точно. |

| | |
|---|---|
| | На исказот, училиштето навремено обезбедува потрошен материјал за хигиена и за реализација на наставните и воннаставните активности 43% од наставниците одговориле во поголема мера точно, 15% точно и 30% во помала мера точно. |

| **Индикатор 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар** | |
|---|---|
| **Теми** | - Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>- Ефективност и распоредување на кадарот<br>- Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| **Извори на податоци** | |
| – Годишна програма за работа на училиштето<br>– Програма за работа на стручна служба<br>– ЕМИС и ХРМ системи<br>– Дненици за работа на паралелките<br>– Тетратка за дежурни наставници<br>– Годишен извештај за работата на училиштето<br>– Записници од наставнички совети<br>– Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето<br>– Годишен извештај за работата научиилиштето<br>– Записници од стручни активи<br>– Досиеја на вработени | Воспитно-образовната работа во СУГС „Владо Тасевски“ во учебната 2017/2018 ја организираат и реализираат:<br><br>Во учебната 2017/2018 година во Средното училиште на Град Скопје„ ВладоТасевски“–Скопје беа запишани 1201 ученици, распоредени во 53 паралелки, од кои 38 на македонски наставен јазики 15 на албански наставен јазик, за следниве занимања:<br><br>Сообраќајнаструка: техничар за транспорт и шпедиција и машиновозач за дизел и електрични влечни возила<br><br>Електротехничкаструка: електротехничар за електроника и телекомуникации и електромеханичар, и<br><br>Машинска струка: машинско-енергетски техничар.<br><br>Вкупниот број вработени во првото полугодие од учебната 2017-2018 година е 130, од кои еден директор, двајца помошници-директори, двајца раководители за настава, 4стручни соработници,108 наставници,15 техничка служба, 2административни работници. |

| | |
|---|---|
| | Сите наставници подеднакво се задолжуваат во изведување на разни активности во училиштето.<br><br>Наставниот кадар е редовен на работа и крајно коректно се однесува кон пропишаните работни задачи.<br>Наставниот кадар според стручната подготовка соодветствува на критериумите пропишани со Законот за средно образование. Наставниците поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување.<br><br>Во училиштето постои стручна служба која ја сочинуваат педагог, психолог и социолог и дефектолог. Таа дава напатствија на наставниците приправници, учествува во организирањето на наставата, го следи напредокот на учениците, се справува со проблемите на индивидуално и групно ниво и дава советодавна помош на наставниците, учениците и родителите.<br><br>На исказот, стручната служба помага во разрешувањето на конфликтни ситуации помеѓу наставник-ученик, ученик-ученик и наставник родител учениците одговориле поделено или околу 52% точно и 48% неточно , родителите 64% точно или 35% во поголема мера точно, додека пак наставниците 56% точно или 33% во поголема мера точно.<br>На тврдењето, училиштето успешно се справува со распределба на наставниот кадар 46% од наставниците одговориле точно 36% во поголема мера точно |

| **Индикатор 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | |
|---|---|
| **Теми** | - Професионален развој на наставниците |
| **Извори на податоци** | |
| – Годишен извештај за работата на училиштето<br>– Евидентни листи за посета на обуки<br>– Записници од наставнички совети<br>– Сертификати | Наставниците континуирано го усовршуваат својот професионален развој преку посета на сите обуки организирани од МОН, БРО и невладините организации, како што се:<br>-Комуникациски вештини, јазични вештини<br>-Ненасилна разработка на конфликти<br>-Обука за оценување<br>-Модули за професионален развој<br>-Разрешување на конфликти<br>-Врсничка медијација<br>-Ненасилство во училиште<br>-Животни вештини<br>-Унапредување на оценувањето на учениците<br>-Превенција и рана детекција на користење на психоактивни супстанци<br>-Јакнење на професионалната компетенција во советување на родители и деца<br>-Обука за интегрирано планирање на наставата и имплементација и координирање на еколошките проекти во воспитно-образовните институции<br>-Обуки за кариерно советување,<br>-Обуки за заштита на лични податоци, и уште многу други обуки.<br><br>Училиштето има изготвено правилник за работа со ментори според кој нововработениот наставник се подготвува за полагање на стручниот испит.<br>Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионалниот развој на наставниците.<br>Оценувањето на работата на наставниците се врши преку континуирано следење, од увид во планирата и подготовките за наставата во пишана форма, од посета на часови и консултации од страна на стручната служба, директорот, инспекторите од ДПИ и советниците од БРО. |

| | |
|---|---|
| | На наставниците - приправници согласно Законот за средно стручно образование им се назначува наставник - ментор кој ќе ги советува, ќе ги обучува и ќе им дава насоки и помош се до полагањето на стручниот испит.<br><br>На исказот, наставниците во училиштето се обучени за водење на настава 34% од учениците одговориле со точно а 33 во поголема мера точно, висок е процентот од 80% кај родителите кој одговориле точно, а наставниците одговориле 53% во поголема мера точно и 47% точно.<br><br>На прашањето дали наставниците често се вклучени во разновидни обуки 33% одговориле во поголема мера точно 36% точно и 23% во мала мера точно.<br><br>На исказот, наставниот кадар уредно ги води портфолијата на професионален развој 51% одговориле во поголема мера точно 30% точно. |

### Индикатор 6.5. Финансиско работење во училиштето

| | |
|---|---|
| **Теми** | - Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |
| **Извори на податоци** | |
| – Финансов план на училиштето<br>– Записници од УО<br>– Одлуки на УО<br>– Годишна програма на Училиштето<br>– Развоен план на училиштето<br>– Понуди<br>– Склучени договори<br>– Записници од ревизија и УЈП | Училиштето има изготвено финансиски план за јавни набавки<br>Трошоците на училиштето во најголем дел се за комуналии и материјални трошоци. Овие трошоци се покриени од градот. Приходите кои ги добива училиштето на сопствената сметка се во најголем дел од средствата за уписи и полагање на испити за вонредните ученици.<br><br>Постапките за добро спроведуваното и контролирано финансиско работење ги следи финансиски оддел на МОН, Град Скопје, локалната самоуправа и Училишниот одбор, кои го одобруваат финансискиот план. |

| | |
|---|---|
| | За училишниот буџет и за трошоците информирани се членовите на Училишниот одбор, директор,наставници членови, родители членови, претставници од МОН, Град Скопје, локалната самоуправа, стопанската комора, кои ја следат работата и завршната сметка на училиштето.<br>Постапките во врска со финансиското работење во училиштето се спроведуват во согласност со законските норми. На крајот од претходната календарска година во училиштето се изготвува годишен финасов план за следната година. На почетокот на календарската година се изработува план за јавни набавки. Годишната завршна сметка се изработува на почетокот на тековната календарска година за претходната и се предава до крајот на месец февруари. Контрола на финансиското работење врши финансовата ревизија од Град Скопје и Државната финансова ревизија. Сите документи претходно се контролирани и усвоени и од страна на Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи и анализира трошењето на буџетот. Буџетот се користи наменски, средствата се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.<br>Училиштето има две сметки, едната е сопствена, а другата е донациска. Како извори на финансирање се појавуваат локалната самоуправа – Град Скопје и средства од сопствени приходи (вонредни ученици, постсредно образование, издавање на спортската сала. Предвидените набавки во училиштето се реализираат во согласност со постоечкиот Закон за јавни набавки. За секоја набавка се формира комисија за нејзино реализирање. За одредени јавни набавки се користи ЕСЈН за објавување на огласи односно за спроведување на е-аукција.<br>На исказот вработените во училиштето се запознаени со дополнителните финансиски средства што ги обезбедува училиштето наставниците 41% одговориле во помала мера точно 23% во поголема мера точно и 12% точно.<br>На исказот распределба на финансиските средства одговара на потребите на воспитно образовните цели и преоритети на училиштето наставниите 35% одговориле во мала мера точно 28% во поголема мера точно и 26% точно. |

| **Резултати** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | - Училишниот простор во голема мера ги исполнува условите за изведување на настава согласно Нормативот<br>- Хигиената во училиштето е на високо ниво;<br>- Во случај да се појави конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага да се разреши истиот<br>- Училиштето навремено планира набавка на потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности; |
| **Слаби страни** | - Количината на наставни средства и помагала не задоволува според нормативите за наставни средства и помагала;<br>- Делумно задоволува информираноста за дополнителните финансиски средства што ги обезбедува училиштето<br>- Недостаток од современи наставни помагала во училниците и во просториите за практична настава<br>- Слаба покриеност со безжичен интернет во поголемиот број на училници |

# 7. ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Во рамките на подрачјето ***Управување, раководење и креирање политика*** вреднување на актуелната состојба беше извршено преку анализа и проценка на следните индикатори и теми кои се однесуваат на одредена активност која се спроведува во училиштето:

| **Подрачје бр. 7: Управување, раководење и креирање политика** | | |
|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| ***7.1*** | **Управување и раководење со училиштето** | - Управување со училиштето<br>- Раководење со училиштето |
| ***7.2*** | **Цели и креирање на училишната политика** | - Јасност и соодветност на целите<br>- Процедури за креирање на училишната политика |
| ***7.3*** | **Развојно планирање** | - Цели на развојното планирање<br>- Професионален развој / стручно усовршување на кадарот<br>- Материјално-технички средства<br>- Инфраструктура |

Врз основа на спроведените анкети и другите погоре споменати начини, техники и методи за прибирање на податоци за подрачјето ***Управување, раководење и креирање политика***дојдовме до следните сознанија:

<table>
<tr><td colspan="2">Индикатор 7.1. Управување и раководење со училиштето</td></tr>
<tr><td>Теми</td><td>- Управување со училиштето<br>- Раководење со училиштето</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td>– Закон за средно образование<br>– Статут на училиштето<br>– Правилник за организација и систематизација на училиштето<br>– Решение од Совет на град Скопје за именување Училишен одбор<br>– Решение од Градоначалникот на град Скопје за именување на директор на училиштето<br>– Годишна програма на училиштето<br>– Регистар на материјали на Училишниот одбор<br>– Записник од состаноците на Училишниот одбор<br>– Деловник за работа на Училишен одбор<br>– Записник он Наставнички совет<br>– Записник од совет на родители;<br>– Соопштенија<br>– Права и одговорности на ученикот во средното училиште<br>– Правилник за педагошки мерки</td><td>Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.<br><br>Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата кој се заснова на најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани според планот за развој на училиштето, преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.<br><br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и поширокота заедница. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Приоритети идентификувани во планот за развој на училиштето не се секогаш најсоодветн и за подобрување на училиштето и постигнувањата на учениците.<br><br>На прашањето дали родителите учествуваат во активностите на училиштето 52% одговориле со неточно, додека пак 60 % се изјасниле дека наставниците транспарентно комуницираат со родителите за воспитно образовниот процес.<br><br>Раководниот тим на училиштето има разбирање за проблемите на настаниците е прашањето на кое скоро 80% одговориле во поголема мера точно односно точно. Транспарентоноста на раководниот тим према наставниците е поддржана од 45% од вкупниот број на анкетирани наставници. |

### Индикатор 7.2. Цели и креирање на училишната политика

| | |
|---|---|
| **Теми** | - Јасност и соодветност на целите<br>- Процедури за креирање на училишната политика |
| **Извори на податоци** | |
| – Статут на училиштето<br>– Деловник за работа на УО<br>– Записници, одлуки и извештаи од работата на УО<br>– Правилник за организација и систематизација на училиштето<br>– Годишна програма на училиштето<br>– Самоевалуација на училиштето | Целите кои си ги поставува училиштето се јасно дефинирани и се во согласност со целите на државната и локалната политика. За да се обезбеди квалитетна настава, училиштето врз основа на претходно спроведената Самоевалуација има изработено програма за Развој на училиштето која содржи јасно и прецизно дефинирани цели. Дел од тие цели се издвојуваат и се разработуваат во тековните Годишни програми за работа на училиштето. Дел од наставниците активно учествуваат во креирањето на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и |

| | |
|---|---|
| – Развоен план на Училиштето<br>– Програма за работа на директорот<br>– Програма за професионален развој на директорот<br>– Извештај за работата на Училиштето<br>– Записник од Наставнички совет<br>– Записник од совет на родители;<br>– Записници од работата наУчилишна заедница<br>– Анкети со наставниците, родителите и учениците<br>– Анкети со УО<br>– Записници од состаноците на ученичките заедници на паралелките<br>– Соопштенија<br>– Права и одговорности на ученикот во средното училиште<br>– Правилник за педагошки мерки | учениците. Редовно се врши анализа на постигнатоста на целите и се преземаат активности за нивно подобрување.<br><br>Секоја година во согласност со политиката на работење се изготвува Годишна програма за работа. Годишниот план за работа овозможува остварување на целите и стандардите за еден модерен воспитно образовен процес. При изготвување на годишната програма се земаат предвид предлозите од раководниот кадар, наставниците, учениците како и родителите преку Одборот на родители и родителските средби. На крајот од секоја наставна година се врши анализа на постигањата со цел да се подобрат согледаните недостатоци. Донесената годишна програма за работа средното училиште ја доставува до Бирото и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма.<br><br>Подолгорочно училишната политика се планира преку Развојниот план на Училиштето, а се базира на констатираните јаки и слаби страни од спроведените самоевалуации на училиштето. Развојниот план се усвојува од Наставничкиот совет и од Училишниот одбор. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар.<br><br>53% од родителите се изјасниле дека училиштето има разбирање за проблемите на учениците. Исто така родителите се согласуваат дека задоволува (65%) фактот дека се почитуваат културните и половите разлики на учениците и родителите. Родителите сметаат дека задоволува комуницирањето на наставниците со родителите околу воспитно образовниот процес во училиштето, а исто така во големо ниво задоволува фактот дека директорот и наставниците со својата работа допринесуваат за афирмација на училиштето (81%).<br><br>Родителите сметаат дека делумно задоволува користењето на нагледни средстваод страна на наставниците. |

| | |
|---|---|
| | Не задоволува посета на веб страната на училиштето од страната на родителите, и учеството на родителите во активностите во училиштето |

| **Индикатор 7.3. Развојно планирање** | |
|---|---|
| **Теми** | - Цели на развојното планирање<br>- Професионален развој / стручно усовршување на кадарот<br>- Материјално-технички средства<br>- Инфраструктура |
| **Извори на податоци** | |
| – Статут на училиштето<br>– Годишна програма за работа на училиштето<br>– Стратешки план на развојот на училиштето<br>– Годишни извештаи за работа на училиштето<br>– Записници од работа на Училишниот одбор и наставнички совет | Креирањето и ажурирањето на актите се врши во рамките на органите и телата на училиштето.<br><br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.<br><br>Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и учениците. |

| | |
|---|---|
| | Според анализираните одговори може да се заклучи дека наставниците сметаат дека задоволува фактот дека директорот на училиштето со својата работа допринесува за афирмација на училиштето (58%).<br><br>Според анализираните одговори може да се заклучи дека учениците сметаат дека задоволува нивното познавање на правата и должностите на ученикот во училиштето (58%).<br><br>На прашањето дали учениците се организирани во училишна заедница 46 % одговориле во мала мера точно односно присутно<br><br>Само 38% одговориле дека наставниците користат компијутер, ЛЦД проектор и карти за време на часот.<br><br>Поголемиот број односно 50 % од учениците не ја посетуваат интернет страната на училиштето и 40 % не сакаат да учествуваат во воннаставни активности |

| Резултати | |
|---|---|
| **Јаки страни** | • УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.<br>• Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.<br>• Директорот и наставниците со својата работа допринесуваат за афирмација на училиштето<br>• Транспарентна комуникација помеѓу наставниците и раководниот тим<br>• Раководниот тим има разбирање окулу проблемите на наставниците |
| **Слаби страни** | • Училиштето има потреба да ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот<br>• Недоволна опременост со нагледни средства и помагала ако се има предвид нормативот за нагледни средства и помагала<br>• Делумно задоволува користењето на нагледни средства од страна на наставниците<br>• Делумно задоволува бројот на материјално технички средства за непречено одвивање на наставата. |

# ЗАКЛУЧОК ОД СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## *Клучни јаки страни од работата на училиштето*

- Наставните планови и програми се реализираат согласно пропишаните документи на МОН
- Секоја учебна година за време на првата родителска средба родителите се запознаваат со наставниот план и програми. Со наставните планови и програми можат да се запознаат и преку веб страната на нашето училиште
- Постојат воннаставни активности кои овозможуваат запознавање на учениците со културата и традицијата на другите етнички заедници
- Наставниците имаат ист пристап кон учениците и родителите без оглед на нивната социјална, родова или етничка припадност
- Училиштето активно учествува на локални и државни натпревари и постигнува солидни резултати
- Училиштето соработува со работни организации и локалната средина, реализира посети и изведува часови по практична настава
- Учениците се стимулираат за подобрување на успехот, што е заеднички став на наставниците и народителите
- Учениците се стимулираат за учество во воннаставни активности,учествонанатпревари
- Грижа на наставниот кадар за учениците
- Наставниците користат современи методи и техники при реализација на наставните содржини;
- Наставниците имаат добра соработка со родителите и ги поттикнуваат родителите да го следат напредокот и постигнувањата на учениците во учењето;
- Оценувањето се врши според добро разработени критериуми;
- Начинот на кој оценуваат наставниците е праведен и повеќето ученици се задоволни од истиот;
- Забелешките на родителите се земени предвид и се уважени од страна на наставниците

- Безбедноста на учениците е на високо ниво;
- Континуирана едукација на учениците за штетните последици од користење на психотропни супстанции;
- Соработка стручна служба – наставници -родители.
- Учениците во секое време имаат каде да се обратат доколку им е потребна помош
- Јасно дефинирани правила во Кодексот за однесување;
- Соработка и разбирање со родителите;
- Прописно и транспарентно изрекување на педагошки мерки;
- Јавно промовирање на личните постигнувања на учениците;
- Богата соработка со локалната, деловната и меѓународната заедница
- Училишниот простор во голема мера ги исполнува условите за изведување на настава согласно Нормативот
- Хигиената во училиштето е на високо ниво;
- Во случај да се појави конфликт  помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага да се разреши истиот
- Училиштето навремено планира набавка на потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности;
- УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.
- Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.
- Директорот и наставниците со својата работа допринесуваат за афирмација на училиштето
- Транспарентна комуникација помеѓу наставниците и раководниот тим.
- Раководниот тим има разбирање окулу проблемите на наставниците

## *Клучни слаби страни од работата на училиштето*

- Ограничена примена на ИКТ во наставата поради недостаток на техничи средства
- Дел од планираните воннаставни активности не се реализираат како што се програмите за секции од сообраќајната, електротехничката и машинската струка.
- Недоволна опфатеност на учениците во планирањето и реализацијата на воннаставните активности
- Наставниците и родителите не се доволно вклучени во креирањето на новите наставни планови и програми
- Не се реализираат проширени наставни програми
- Незаинтересираност на ученици за посета на дополнителната настава
- Бројот на оние кои ја повторуваат годината во последните две години е приближно ист, а успехот и стекнатото знаење во повторената година не е подобар
- Голем број на останување на учениците во училиштево од различни причини
- На некои часови нема работна атмосфера која го поттикнува вниманието на учениците;
- Не сите наставници се вклучени во слободните ученички активности со учениците во и надвор од наставата;
- Употребата на ИКТ во наставата е делумно ограничена поради условите за изведување на истата во различни училни
- Голем број на изостанувања иако е со тенденција на намалување на истите
- Блокот на часови влијаат врз концентрацијата и успехот во наставата.
- Во училиштето нема лифт за движење на лица со телесни пречки во развојот
- Просторот не е соодветен за ученици со телесен инвалидитет
- Големиот одмор е недоволен за исхрана на учениците

- Намалена дисциплина за време на наставата во поедини паралелки;
- Недоволен интерес на учениците за вклучување  во вонnаставни и проектни активности;
- Недостаток на мотивација на учениците за постигнување на подобри резултати
- Недоволен  интерес на родителите за посета на Отворениот ден на училиштето
- Недостаток од современи наставни помагала во училниците и во просториите за практична настава
- Слаба покриеност со безжичен интернет во поголемиот број на училници
- Училиштето има потреба да ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот
- Недоволна опременост со нагледни средства и помагала ако се има предвид нормативот за нагледни средства и помагала
- Делумно задоволува користењето на нагледни средства од страна на наставниците
- Делумно задоволува бројот на  материјално технички средства за непречено одвивање на наставата.